# Што значи нето-нула целта за Hunter?



Регионот Hunter отсекогаш имал важна улога во напојувањето на земјата со енергија. Сега, кога Австралија се движи кон нето-нула емисии, регионот доживува економска трансформација, создавајќи нови индустрии, работни места и можности.

## Нови индустрии



Економијата во регионот Hunter се проширува за да ги вклучи новите индустрии на иднината.

**Центар за производство и користење на водород во Hunter Valley**

**52.000 тони**
емисии на стакленички гасови заштедени годишно

**70 милиони долари**
преку Програмата за регионални центри за производство и користење на водород (Regional Hydrogen Hubs Program) на Австралиската влада

## Нови работни места



Како што се менува економијата во регионот Hunter, таа создава нови работни места во областа на обновливата енергија, производството и градежништвото.

**10.000**
нови работни места до 2030 година.[1]

[1]KPMG, 'Economic Briefing - August | Economic Transition Forces in the Hunter,' 2023, пристапено на 11 септември 2024.

## Нови инвестиции



Новите проекти во фазите на планирање или реализација му носат милијарди долари инвестиции на регионот Hunter.

Новата **Зона за чиста енергија во пристаништето на Newcastle (Port of Newcastle Clean Energy Precinct)** ќе добие:

**100 милиони долари**
од Австралиската влада (Буџет, октомври 2022-23 г.)[1]

[1]Port of Newcastle, 'Port of Newcastle Clean Energy Precinct', пристапено на 11 септември 2024.

## Нов живот за старите постројки



Се обновуваат старите рудници, како што е Rhondda Colliery, кој се претвора во моторен парк и туристички објект. Откако овој проект ќе биде завршен, тоа ќе биде прво парк-одморалиште во Австралија посветено на љубителите на автомобилизмот. Ќе бидат креирани:

**450+**
работни места во градежништвото

**229**
постојани работни места



Australian Government

За да дознаете како регионот Hunter ја води енергетската трансформација, посетете ја веб-страницата **futuremadeinaustralia.gov.au**